NSW GOVERNMENT | Education Public Schools

Safe Bus Travel




# ИНФОРМАЦИИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТИШТАТА

**ВИЕ СТЕ ОДГОВОРНИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА ВАШИТЕ ДЕЦА КОГА ТИЕ ПАТУВААТ КОН И ОД УЧИЛИШТЕ.**

# Безбедно патување со автобус

Детето е најмногу изложено на опасност од повреда откако ќе излезе од автобус.

**За да ја намалите оваа опасност:**

- пречекувајте ги вашите деца на автобуската постојка – никогаш не ги чекајте на спротивната страна од улицата
- држете ги децата за рака на автобуската постојка
- кога чекате на автобуската постојка, застанете на неколку чекори поназад од работ на улицата
- почекајте да си замине автобусот, потоа изберете безбедно место каде што ќе можете да преминете преку улицата.

**Помогнете им на вашите деца да најдат безбедно место да ја преминат улицата, на пример:**

- на пешачки премин или на семафори, ако ги има
- на прегледен дел од улицата каде што сите лица во сообраќајот ќе може да ги видат.

Ако не можете да ги пречекате вашите деца, повикајте возрасно лице во кое имате доверба да ги пречека на автобуската постојка.




**За понатамошна поддршка**

Посетете ја Образовна програма за безбедност на патиштата на одделот на https://education.nsw.gov.au/road-safety-education или посетете https://education.nsw.gov.au и побарајте под образование за безбедност на патиштата.